# ОБЈАВА НА РЕЗУЛТАТИ

## ОД ГЛАСАЊЕТО ПО ОДЛУКИТЕ ОД ДНЕВЕН РЕД ПО КОИ Е ГЛАСАНО НА СОБРАНИЕТО НА АКЦИОНЕРИ НА 12.12.2016 година

На ден 12.12.2016 година, на одржаното Собрание на акционери на Скопски пазар А.Д. е гласано по вкупно 5 (пет) то!чки од дневниот ред на Собранието.

**По предлог Одлуката :**

Скопски пазар А.Д.
во приватна сопственост за услуги во
прометот и трговија извоз - увоз
Бр. 02-1411/___-____/12.12.2016 год.
С к о п ј е

Врз основа на член 407 од Закон за трговски друштва и член 86 од Статутот на Скопски пазар А.Д. Собранието на акционери на собранието одржано на ден 12.12. 2016 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

**Член 1**

Се усвојува Записникот за работењето на Собранието на акционерите на Скопски пазар А.Д. Скопје, одржано на ден 28.07.2016 година.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

**СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ**
**ПРЕТСЕДАВАЧ,**

**Доставено до:**

-сектор за финансии
-сектор за заеднички услуги
-архива

**гласано е на следниот начин :**

**ЗА** гласале 35210 акции од претставените акционери или 60,35 % односно 41,1495 % од вкупниот број на акции (основна главнина)

**ПРОТИВ** гласале 5761 акции од претставените акционери или 9,87 % односно 6,7328 % од вкупниот број на акции (основна главнина)

**ВОЗДРЖАНИ** гласале 329 акции од претставените акционери или 0,56 % односно 0,3845 % од вкупниот број на акции (основна главнина)

**По предлог Одлуката :**

Скопски пазар А.Д.
во приватна сопственост за услуги во
прометот и трговија извоз – увоз
Бр. 02-1411/___-____/12.12.2016 год.
С к о п ј е

Врз основа на член 383 од Закон за трговски друштва, Собранието на акционери на Собранието одржано на ден 12.12.2016 година ја донесе следната :

# О Д Л У К А

## ЗА ОТПОВИКУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА БРОЈ 02-1411/14-19 ОД 24.04.2016 ГОДИНА ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ НА ОВЛАСТЕН РЕВИЗОР ЗА РЕВИЗИЈА НА ГОДИШНАТА СМЕТКА И НА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ ЗА 2016 ГОДИНА

**Член 1**

Се отповикува Одлуката број 02-1411/14-19 од 24.04.2016 година за назначување на овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи за 2016 година, донесена од Собрание на акционери на Скопски пазар А.Д. Скопје

**Член 2**

Се укинуваат сите евентуално превземени дејствија во врска со одлуката што се отповикува.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Во надлежност на Собранието на акционери согласно член 383 став 8 од Законот за трговските друштва, меѓу другото е и назначување на овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи, доколку Друштвото има обврска да ги изготвува. Скопски пазар А.Д. Скопје е голем трговец, организиран како акционерско друштво и друштво чии хартии од вредност котираат на берза, па согласно член 478 од ЗТД, **Друштвото е должно да има ревизорско мислење на финансиските извештаи најдоцна еден месец пред одржувањето на собранието на акционери** (најдоцна до 30 април).
Согласно пак член 479 став 1 од ЗТД финансиските извештаи кои се предмет на ревизија на Друштвото, не можат да бидат одобрени ако на нив не е извршена ревизија од овластено друштво за ревизија или овластен ревизор. Избор на овластен ревизор се врши од страна на Собранието на акционери (член 479 став 2 од ЗТД), а согласно став 3 од истиот член **овластениот ревизор се избира пред истекот на деловната година за којашто се врши ревизијата**.

**Одлуката број 02-1411/14-19 од 24.04.2016 година за назначување на овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи за 2016 година,** која како своја обврска ја донело Друштвото на Годишното собрание на акционери одржано на ден 24.04.2016 година **е оспорена пред Основниот суд Скопје 2 Скопје од страна на акционер на Друштво то (Предмет : I ТС 265/16 и I ТС 266/16 од 18.05.2016 година) кој спор сеуште трае и не е правосилно окончан.**

**За истата Одлука, донесено е и Решение I ТС - 265/16 од 03.06.2016 година, со кое е усвоен предлог од страна на Основен суд Скопје 2 Скопје, со кое му се налага на Скопски пазар А.Д. да ја запре примената на донесената одлука.**
**Решението е потврдено од страна на Апелациониот суд Скопје ТСЖ - 1499/16 од 28.07. 2016 година.**

**Заради запазување на законските обврски кои Скопски пазар А.Д. ги има како голем трговец организиран како акционерско друштво за изготвување на годишна сметка и финансиски извештаи а кои потпаѓаат под законска обврска за ревизија од овластен ревизор и имајќи ја предвид горе опишаната фактичката состојба, Управниот одбор на Скопски пазар А.Д. Скопје донесе Одлука за свикување на Собрание на акционери меѓу две годишни собранија, а со цел да го заштити интересот на Друштвото и акционерите за континуитет на работењето на Друштвото и тековно одвивање на нужните деловни активности на Друштвото кои мораат да се превземат до крајот на деловната година и кои не трпат одлагање, а кои не можат да се остварат доколку не е исполнета законската обврска за назначување на овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи.**

**СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ**
**ПРЕТСЕДАВАЧ,**

**Доставено до :**
- сектор за финансии
- сектор за заеднички услуги
- архива

**гласано е на следниот начин :**

**ЗА** гласале 35210 акции од <u>претставените</u> акционери или 60,35 % односно 41,1495 % од вкупниот број на акции (основна главнина)

**ПРОТИВ** гласале 23129 акции од <u>претставените</u> акционери или 39,65 % односно 27,0306 % од вкупниот број на акции (основна главнина)

**ВОЗДРЖАНИ** нема

---

**По предлог Одлуката :**

Скопски пазар А.Д.
во приватна сопственост за услуги во
прометот и трговија извоз – увоз
Бр. 02-1411/___-____/12.12.2016 год.
Скопје

Врз основа на член 383 од Закон за трговски друштва, Собранието на акционери на Собранието одржано на ден 12.12.2016 година ја донесе следната :

## ОДЛУКА

### ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ НА ОВЛАСТЕН РЕВИЗОР ЗА РЕВИЗИЈА НА ГОДИШНАТА СМЕТКА И НА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ ЗА 2016 ГОДИНА

**Член 1**

Се назначува Ревизорската куќа **Grant Thornton - Скопје**, за овластен ревизор на Годишната сметка и на финансиските извештаи на Скопски пазар А.Д. Скопје за 2016 година.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Во надлежност на Собранието на акционери согласно член 383 став 8 од Законот за трговските друштва, меѓу другото е и назначување на овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи, доколку Друштвото има обврска да ги изготвува.
Скопски пазар А.Д. Скопје е голем трговец, организиран како акционерско друштво и друштво чии хартии од вредност котираат на берза, па согласно член 478 од ЗТД, **Друштвото е должно да има ревизорско мислење на финансиските извештаи најдоцна еден месец пред одржувањето на собранието на акционери** (најдоцна до 30 април).
Согласно пак член 479 став 1 од ЗТД финансиските извештаи кои се предмет на ревизија на Друштвото, не можат да бидат одобрени ако на нив не е извршена ревизија од овластено друштво за ревизија или овластен ревизор. Избор на овластен ревизор се врши од страна на Собранието на акционери (член 479 став 2 од ЗТД), а согласно став 3 од истиот член **овластениот ревизор се избира пред истекот на деловната година за којашто се врши ревизијата**.
**Одлуката број 02-1411/14-19 од 24.04.2016 година за назначување на овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи за 2016 година,** која како своја обврска ја донело Друштвото на Годишното собрание на акционери одржано на ден 24.04.2016 година **е оспорена пред Основниот суд Скопје 2 Скопје од страна на акционер на Друштвото (Предмет : I ТС 265/16 и I ТС 266/16 од 18.05.2016 година) кој спор сеуште трае и не е правосилно окончан.**
**За истата Одлука, донесено е и Решение I ТС - 265/16 од 03.06.2016 годиназ, со кое е усвоен предлог од страна на Основен суд Скопје 2 Скопје, со кое му се налага на Скопски**

**пазар А.Д. да ја запре примената на донесената одлука.**
**Решението е потврдено од страна на Апелациониот суд Скопје ТСЖ - 1499/16 од 28.07. 2016 година.**
**Заради запазување на законските обврски кои Скопски пазар А.Д. ги има како голем трговец организиран како акционерско друштво за изготвување на годишна сметка и финансиски извештаи а кои потпаѓаат под законска обврска за ревизија од овластен ревизор и имајќи ја предвид горе опишаната фактичката состојба, Управниот одбор на Скопски пазар А.Д. Скопје донесе Одлука за свикување на Собрание на акционери меѓу две годишни собранија, а со цел да го заштити интересот на Друштвото и акционерите за континуитет на работењето на Друштвото и тековно одвивање на нужните деловни активности на Друштвото кои мораат да се превземат до крајот на деловната година и кои не трпат одлагање и кои не можат да се остварат доколку не е исполнета законската обврска за назначување на овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи.**

**СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ**
**ПРЕТСЕДАВАЧ,**

Доставено до :
- сектор за финансии
- сектор за заеднички услуги
- архива

**гласано е на следниот начин :**

**ЗА** гласале 35210 акции од претставените акционери или 60,35 % односно 41,1495 % од вкупниот број на акции (основна главнина)

**ПРОТИВ** гласале 22942 акции од претставените акционери или 39,33 % односно 26,8121 % од вкупниот број на акции (основна главнина)

**ВОЗДРЖАНИ** гласале 187 акции од претставените акционери или 0,32 % односно 0,2185 % од вкупниот број на акции (основна главнина)

---

**По предлог Одлуката :**

Скопски пазар А.Д.
во приватна сопственост за услуги во
прометот и трговија извоз – увоз
Бр. 02-1411/___-____/12.12.2016 год.
С к о п ј е

Врз основа на член 383 од Закон за трговски друштва, Собранието на акционери на Собранието одржано на ден 12.12.2016 година ја донесе следната :

## О Д Л У К А

### ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ НА ОВЛАСТЕН РЕВИЗОР ЗА РЕВИЗИЈА НА ГОДИШНАТА СМЕТКА И НА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ ЗА 2016 ГОДИНА

**Член 1**

Се назначува Друштвото за ревизија, проценка и финансиски консалтинг Б и Љ, Боро и Љупчо ДОО Скопје, за овластен ревизор на Годишната сметка и на финансиските извештаи на Скопски пазар А.Д. Скопје за 2016 година.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Поради донесената Одлука на седница на Собранието на акционери одржано на ден 28.07. 2016 година за избор на Ревизорската куќа Дилоит ДОО Скопје за вршење на други услуги со изразување на уверување, а засновано на нашите сомневања дека ревизорската куќа Грант Тортон Скопје не дала објективно и реално мислење за фактичката состојба во Скопски пазар А.Д. Скопје, како и не дадено мислење за неодобрените односно неусвоени од Собранието годишни финансиски извештаи од 2008 година до 2014 година, иако ревизорската куќа за целиот овој период е овластен ревизор и поради тоа сметаме дека истата не може да биде избрана за вршење на ревизија за 2016 година.
Со оглед на горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Собрание на акционери**
**Претседавач**

______________________

**гласано е на следниот начин :**

**ЗА** гласале 23029 акции од претставените акционери или 39,47 % односно 26,9137 % од вкупниот број на акции (основна главнина)

**ПРОТИВ** гласале 35210 акции од претставените акционери или 60,35 % односно 41,1495 % од вкупниот број на акции (основна главнина)

**ВОЗДРЖАНИ** нема

**По предлог Одлуката :**

Скопски пазар А.Д.
во приватна сопственост за услуги во
прометот и трговија извоз – увоз
Бр. 02-1411/___-____/12.12.2016 год.
С к о п ј е

Врз основа на член 383 и жлен 363 од Законот за трговски друштва, Собранието на акционери на седницата одржана на ден 12.12.2016 година ја донесе следната :

## О Д Л У К А

### ЗА ОТПОВИКУВАЊЕ НА ЧЛЕН НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР НА СКОПСКИ ПАЗАР А.Д. Скопје

**Член 1**

Се отповикуваат членовите на Надзорниот Одбор на Скопски пазар А.Д. Скопје

- Предраг Милосављевиќ
- Звонко Стојчев
- Сашо Арсов

**Член 2**

Се овластува регистрациониот агент ________________________ да ја поднесе пријавата за бришење на членовите на Надзорниот одбор во Централниот регистар на РМ.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Во изминатиот период финансиската состојба на Друштвото е драстично влошена и голем број незаконски активности се превземени од Управниот одбор на Скопски пазар А.Д. Скопје кои пак го загрозуваат континуитетотна работењето, а ја загрозуваат и ликвидноста на Друштвото. Притоа од страна на Надзорниот одбор на Друштвото воопшто не се превземени никакви мерки за надминување на состојбата.

Исто така Надзорниот одбор воопшто не извршил надзор на точките предложени од Управниот одбор за одобрување на финансиските извештаи за периодот од 2007 година па заклучно со 2014 година, а кои до ден денес не се усвоени од страна на Собранието на акционери на Скопски пазар А.Д. Скопје.

Надзорниот одбор овозможил Управниот одбор да предложи Одлука за купување на 5.000 сопствени акции со кои се надминува процентот на законски дозволените 10% сопствени акции со што извршиле кривично дело Злоупотреба на службена должност.

Со оглед на горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ**

**Претседавач**

_________________________

**гласано е на следниот начин :**

**ЗА** гласале 22528 акции од претставените акционери или 38,62 %
односно 26,3282 % од вкупниот број на акции (основна главнина)

**ПРОТИВ** гласале 35210 акции од претставените акционери или 60,35 %
односно 41,1495 % од вкупниот број на акции (основна главнина)

**ВОЗДРЖАНИ** нема

**СКОПСКИ ПАЗАР А.Д.**

**УПРАВЕН ОДБОР**